**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Октомври 2007 година**

**Сектор за макроекономска политика**

**Скопје, декември 2007 година**

## РЕЗИМЕ НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО ОКТОМВРИ 2007 ГОДИНА

- **Силен пораст на индустриското производство во октомври од 10,5% на годишна основа**
- **Одредено забрзување на инфлацијата, како резултат на пораст на цените на прехранбени производи**
- **Зголемување на вредноста (во долари) на извозот на стоки за 38,9% на годишна основа, со истовремен пораст на увозот на стоки за 36,4%**
- **Во периодот јануари-октомври остварени се 26,2% повисоки буџетски приходи во однос на истиот период од минатата година**
- **Силен раст на депозитниот потенцијал на банките, надвор од државниот сектор, од 29,4%, придружен со раст на кредитите на приватниот сектор од 40,4%**
- **Силен пораст (28,8%) на бројот на новорегистрирани работни договори во однос на истиот период од минатата година**

## 1. Реален сектор

**1.1. Кумулативниот индекс на индустриското производство за периодот јануари-октомври 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 3,6%.**

Притоа, во октомври 2007 година, индексот на индустриското производство е зголемен за 10,5% во однос на октомври 2006 година, и за 6,7% споредено со септември 2007.




Анализирано по сектори, кумулативниот раст на индустриското производство во анализираниот период се должи на зголеменото производство во секторот Вадење руди и камен од 12,8% и растот на Преработувачката индустрија од 5,4%. Сепак, и покрај силниот раст во овие два сектори, намаленото производство во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода од 12,7% на годишно ниво, негативно влијае врз целокупниот индекс на индустриско производство. Во рамки на Преработувачката индустрија, која има најголемо учество во вкупниот индекс (83,9%), главни носители на растот се производството на прехранбени производи и пијалаци со раст од 7,3%, нафтената индустрија со раст од 4,2%, производство на производи од други неметални минерали од 7,8%, производството на основни метали со раст од 36%, производство на метални производи во металопреработувачката фаза, освен машини и уреди со 42,4%, како и производството на машини и уреди, неспомнати на друго место со 48,2%.

**1.2. Кумулативниот индекс на трошоци на живот за периодот јануари-октомври 2007, во однос на истиот период од претходната година, забележа пораст од 1,7%.**




Во октомври 2007 година, трошоците на живот се зголемија за 3,9% на годишна основа (во однос на истиот месец од претходната година). Растот главно се должи на зголемените трошоци за храна и пијалоци од 8,2%, облека и обувки од 2,5% и за домување од 1,9%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалоци за едно четиричлено домаќинство за месец октомври 2007 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 10.810 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 1,6%.

Индексот на цените на мало во октомври 2007 година, во однос на истиот месец претходната година забележа зголемување од 3,0%. Овој пораст е резултат на зголемените цени во групата земјоделски производи за 16,1%,

индустриски производи за 3,9%, непрехранбени индустриски производи за 3,2%, прехранбени производи за 8,1% и индустриско-прехранбени производи за 6,3%.

**1.3. Во октомври 2007 година, на светските берзи беше присутен тренд на зголемување на цените кај најголемиот број на производи кои вообичаено имаат најголемо учество во структурата на тргувањето.**
Споредено со претходниот месец, кај најголем дел од производите (нафтата, златото, никелот, бакарот, цинкот, шеќерот и јагнешкото месо) евидентиран е пораст на берзанската цена.




Најголемо зголемување во однос на претходниот месец е реализирано кај суровата нафта. Споредено со септември 2007 година, берзанската цена на нафтата во октомври се зголеми за дури 7,4%. Споредено со октомври минатата година, цената на нафтата оваа година е зголемена за дури 42%.

Гледано од аспект на македонскиот извоз, посебна поволност претставува повторниот пораст на берзанската цена на никелот. Во октомври 2007 година, никелот достигна цена од 31,055 долари за еден метрички тон, односно се зголеми за 5,1% споредено со септември истата година, што ги подобри финансиските ефекти од производството и извозот на никелот во Р. Македонија.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-октомври 2007 година, вкупната надворешно-трговска размена, во доларска вредност, забележа висок пораст од 37,4% во однос на истиот период минатата година.** Притоа, физичкиот обем на извозот е зголемен за 17,8%, а неговата вредност достигна 2.740,1 милиони долари, што претставува пораст од 38,9%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 25%, а неговата вредност оствари износ од 4.111,5 милиони долари, или пораст од 36,4%. При вакви движења, дефицитот во размената остварен во овој период, пред се поради зголемениот увоз во октомври, забележа пораст од 31,7% во однос на истиот остварен до крајот на октомври 2006 година и изнесува 1.371,4 милиони долари.




**2.2. Поголемиот увоз во овој месец во однос на септември (што предизвика и пораст на дефицитот во стоковната размена), пред се е резултат на зголемениот увоз на електрична енергија за 106 мил. долари**

(стапка од 2002%)[1]. Висок раст на увозот е остварен кај телекомуникацикиите апарати 14 мил. долари (166%), текстил, предива и слично 10 мил. долари (37%), друмски возила 8,5 мил. долари (32%), погонски машини и уреди 8 мил. долари (513%) канцелариски машини за АОП 7 мил. долари (241%), итн.




Во структурата на извозот, најголемо учество (според СМТК) во изминатите десет месеци отпаѓа на: железо и челик со 38,2%, облека 18,6%, пијалоци и тутун 6,3%, овошје и зеленчук 4,5%, нафта и производи од нафта 4,4%, метална руда и метални отпадоци 3,7%. Овие шест групи производи сочинуваат околу 75,7% од вкупниот извоз на државата.

**2.3. Поголемиот извоз остварен на кумулативна основа во десетте месеци од оваа година, е резултат на зголемениот извоз на железо и челик (стапка од 95%), облека (24%), метална руда и метални отпадоци (68%), овошје и зеленчук (30%), обувки (51%), изработка од неметални минерали (35%), пијалоци (23%), изработки од метал (32%) итн.**

Најголем дел од увозот на стоки на кумулативна основа во десетте месеци оваа година отпаѓа на: нафта и производи од нафта 12 %, железо и челик 11 %, текстилни предива и слично 8 %, друмски возила 6%, електрична енергија 5 %, метална руда и метални отпадоци 4%, електрични машини и делови 3% итн.

**2.4. Во десетте месеци од 2007 година, околу 66,1% од вкупно извезените стоки се пласирани на пазарот на Европската Унија (ЕУ27), а 50% од вкупно увезените стоки во Република Македонија се со потекло од оваа интеграција. Извозот во Европската Унија е поголем за 51,1%, а увозот е зголемен за 27,3% во однос на истиот период од 2006 година.**

**2.5. Според валутната структура, во периодот јануари-октомври 2007 година,** извозот во евра бележи зголемување за 260 милиони евра (22%), а делот од извозот реализиран на "доларскиот пазар" бележи значително зголемување за 290 милиони долари (59%).

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

| ИЗВОЗ | I-X 2006 | | | | | I-X 2007 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
| EUR | 1.927 | 1.173.881.347 | 61,1887 | 71.828.273.577 | 74,4 | 2.357 | 1.433.979.382 | 61,1820 | 87.733.726.550 | 70,8 | 260.098.035 | 22,2 |
| USD | 643 | 489.231.794 | 49,1537 | 24.047.552.833 | 24,9 | 671 | 779.281.706 | 43,0387 | 33.539.271.560 | 27,1 | 290.049.912 | 59,3 |
| EUR+USD | 2.570 | | | 95.875.826.410 | 99,2 | 3.028 | | | 121.272.998.110 | 97,8 | | |
| вк.извоз: | 2.576 | | | 96.601.346.969 | 100,0 | 3.034 | | | 123.964.321.395 | 100,0 | | 28,3 |

[1] Во месец октомври 2007, евидентиран е увозот на електрична енергија од претходните месеци откако е платен ДДВ.

**Бокс 1: Надворешно-трговска размена со Република Бугарија**

Со влезот на Република Бугарија во Европската унија (01 јануари 2007 година) и примената на одредбите од ,,Времената Спогодба за трговија„ како дел од ССА меѓу Република Македонија и ЕУ, извозот на Р. Македонија во Р. Бугарија во периодот јануари-октомври бележи висок пораст од 89%. При понизок раст на увозот од оваа земја од 10%, **за прв пат, по неколку години нагорен тренд, дојде до големо намалување на трговскиот дефицит од 102 на 28 милиони долари.** Гледано по производи, најголем пораст на извозот во Бугарија е забележан кај: тутун неизжилен за 10 мил. долари; ладно-валани производи, неплатирани, во макари и ненамотани 8,5 мил. долари; руди на цинк 8,5 мил. долари; други топло валани производи од железо, неплатирани 8,1 мил. долари; руди на олово и концентрати 6,6 мил. долари; руди на бакар и концентрати 7,2 мил. долари; топло валани, плоснати производи, неплатирани 5 мил. долари; плоснати, валани производи пресвлечени со пластична маса 2,9 мил. долари; вино од свежо грозје 1,8 мил. долари и друго.

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-октомври 2007 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 64.059 милиони денари (19,2% од БДП), што претставува зголемување од 26,2% во однос на истиот период од минатата година. Ваквото зголемување на приходите се должи на зголемената наплата на даночните приходи (за месец октомври изнесуваат рекордни 7.929 милиони денари), но и на неданочните приходи поради уплатата на дивидендата од Телеком за 2005 година (2.873 милиони денари).**




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 57.974 милиони денари, што претставува зголемување од 21,6% во однос на периодот јануари-октомври минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во десетте месеци од 2007 година изнесува 49,4%, а на акцизите 18,0%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 39.039 милиони денари (11,7% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа значаен пораст од 30,8% (само за месец октомври рекордни 4.391 милиони денари, што претставува повеќе од двојно зголемување или од 104,7% во однос на октомври 2006г., што се должи на зголемени приходи од ДДВ наплатен при увоз на добра.)[2], акцизите од 12,3%, данокот на добивка од 23,5%, приходите од царина се зголемени за 17,4%, додека приходите од персоналниот данок се речиси исти (зголемени за незначителни 1,0% споредено со истиот период лани како резултат на

[2] Уплата на ДДВ за кумулативен увоз на електрична енергија во претходните месеци од 2007 година во износ од 692 милиони денари; зголемен увоз на други добра како машини комјутери итн; намален поврат на ДДВ во однос на претходните месеци од 2007г. за околу 300-400 милиони денари. и во однос на октомври 2006 за 650 милиони денари.

намалената и унифицирана даночна стапка). Неданочните приходи се зголемени за 2,5 пати, главно поради средствата од дивидендата на Телеком.

**3.2. Во првите десет месеци од 2007 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваа 46.067 милиони денари (13,9% од БДП), што е повеќе за 5,5 % во однос на истиот период од 2006 година.**

Најголеми расходни ставки се трансферите (21.813 милиони денари) и платите и надоместоците (18.844 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 35,5% и во однос на истиот период лани тие се зголемени за 2,7%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 6.449 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2006 година за 18,9%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 18,6% повеќе средства споредено со 2006 година и претставуваат најголема расходна ставка. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 8.442 милиони денари, или за 1.125 милиони денари повеќе (15,4%). Каматите се реализирани во износ од 1.882 милиони денари што е помалку за 7,8%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 4.037 милиони денари, што е зголемување за 5,9% во споредба со истиот период 2006 година, значи се прекинува досегашниот тренд на намалување на овие расходи. Но и покрај ова, средствата за капитални расходи претставуваат само 41,2% од годишниот план.

**3.3. Во периодот јануари-октомври 2007 година, остварен е суфицит на Централниот Буџет од 11.034 милиони денари (3,3% од БДП), додека суфицитот на консолидираниот буџет изнесува 12.012 милиони денари (3,6% од БДП).**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во октомври 2007 година, примарните пари изнесуваат 33.956 милиони денари и со тоа бележат месечен пораст од 4,4%, додека пак, на годишно ниво порастот изнесува 19,8%.**

Просечната каматна стапка на благајничките записи во октомври 2007 година изнесува 4,78% и бележи благо месечно намалување од 0,05 процентни поени. По големиот пад во септември (од 1,7 процентни поени), просечната месечна пондерирана каматна стапка на три-месечните државни записи, забележа пораст од 1,35 процентни поени на месечна основа, достигнувајќи ниво од 5,06% во октомври. Просечните пондерирани каматни стапки на државните записи со рок на доспевање од шест месеци изнесуваа 5,40%.

**4.2. Побарувачката на готовите пари во оптек во октомври забележа годишен пораст од 12,02%, но во однос на септември регистриран е пад од 1,02%.**

Како резултат на месечниот пад на готовите пари во оптек и депозитните пари, најтесниот монетарен агрегат М1, исто така, забележа пад од близу 2% на месечно ниво. На годишна основа пак, монетарниот агрегат М1 бележи пораст од 18,3%. Паралелено со континуираниот пораст на вкупните депозити, и пошироките монетарни агрегати М2 и М4 се во постојан пораст, така во октомври регистриран е пораст од 26% и 27,4%, соодветно.

**4.3. Веќе вообичаено, вкупниот депозитен потенцијал го продолжува својот нагорен тренд и овој месец. Така, на крајот на октомври 2007**

**вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор забележа годишен пораст од 29,4% и пораст од 1,14% на месечно ниво.** Во анализираниот период, кредитите на приватниот сектор достигнаа вредност од 88.517 милиони денари, или годишен пораст од 37%. Од аспект на валутата, денарските кредити и понатаму доминираат во порастот на кредитната активност на банките.

**4.4. Во октомври 2007 година, просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити остана непроменета во однос на септември, односно го задржа нивото од 10,0%.** На годишно ниво пак, просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити забележа намалување од 0,9 процентни поени. Со благо месечно опаѓање од 0,1 процентен поен, просечната каматна стапка на девизните кредити во октомври изнесува 8,5%. На годишно ниво, просечната каматна стапка на девизните кредити бележи пораст од 0,3 процентни поени. Просечните пасивни каматни стапки на денарските и девизните депозити забележаа годишен пораст од 0,5 и 0,3 процентни поени соодветно, достигнувајќи ниво од 5,1% за денарските и 2,0% за девизните депозити во октомври 2007 година.

**4.5. Бруто девизните резерви забележаа пораст и овој месец. Имено, во октомври 2007 година, тие остварија пораст од 4,3% на месечно ниво, како резултат на откупот на девизни средства од страна на НБРМ. На крајот на октомври 2007 година, бруто девизните резерви достигнаа ниво од 2.234,2 милиони долари, односно во споредба со декември 2006 година се зголемени за близу 369 милиони долари.**

Во текот на октомври 2007 година, при интервенциите на девизниот пазар, НБРМ продаде 10,16 милиони долари и откупи 65,23 милиони долари, што резултираше со откупени 55,07 милиони долари, како нето ефект.




## 5. Социјален сектор

**5.1. Во период јануари-октомври 2007 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 159.003 засновани нови работни односи (неопределено време, определено и сезонски), со што за 5,4% е надминат бројот на новите вработувања остварени во цела 2006 година.**

Во текот на месец октомври, засновани се нови 17.177 работни односи, што претставува годишен пораст од 30,5%. Притоа, 29,6% од новите вработувања се од



регистарот на Агенцијата, и тие претставуваат 54,7% од вкупниот одлив од Регистарот. Додека, како прилив во Агенцијата се регистрирани 8.616 лица, од кои 43,4% се лица на кои им престанал работниот однос.

**Како резултат на ова, забележано е намалување на невработеноста за 664 лица, односно 0,18% споредено со претходниот месец. Така, во октомври 2007 година бројот на невработени изнесува 359.943 лица,** од кои 76.114 (21,2%) се изјасниле дека се пријавуваат само за остварување на правото на здравствено осигурување, а останатите активно бараат работа. Исто така, бројот на невработени лица е намален споредено и со истиот месец од претходната година, за 0,4%.
Најголем процент од невработените, односно 67,1% се од урбани средини (градско население), а 58,5% се мажи. Анализирано според образованието, поголемиот дел, односно 51,7% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека околу 7% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел од невработените (61,6%) припаѓаат во категоријата 25-49 год. Имено, 81,8% имаат статус на невработени една година или повеќе.

**5.2. Во октомври 2007 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се евидентирани 270.547 пензионери, што претставува годишно зголемување од 1,1%.**




За исплата на пензии, во овој месец се потрошени 2.076,7 милиони денари, што претставува 49% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет. Имено, заклучно со октомври, 6,7% од проектираниот БДП се троши за оваа намена.

Во октомври 2007 година, вредноста на просечната пензија изнесуваше 7.852 денари, што на годишно ниво претставува пораст од 2,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена нето плата во септември 2007 година (последен расположлив податок) изнесува 52,1%, што е и најнизок сооднос во текот на оваа година, како резултат на високиот пораст на платите (индексирањето на пензиите се врши два пати годишно, така што во јануари ќе се зголемат и пензиите следејќи го трендот на платите и инфлацијата).

**5.3. Бројот на корисници на социјална парична помош во септември (последни расположливи податоци) изнесува 63.078 домаќинства, што претставува благо зголемување споредено со претходниот месец.**

Притоа, за исплата на социјална парична помош се потрошени 140,6 милиони денари, односно 61,7% од исплатите за социјална помош по сите основи. За помош по основ на туѓа нега, во септември се потрошени околу 67 милиони денари за 18.314 лица, што претставува годишно намалување од 12,7%. Како корисници на постојана парична помош, во овој месец се регистрирани 5.007 лица и за нив се потрошени 16,3 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.508 лица, за што се потрошени околу 4 милиони денари. Вкупните исплати за социјална помош претставуваат 5,3% од вкупните реализирани социјални трансфери на владиниот Буџет за односниот месец.

**5.4. Во периодот јануари–септември 2007 година (последни расположиви податоци) споредено со истиот период од 2006 година, забележан е пораст на просечната номинална и реална нето плата за 6,6%, односно 5,1%**.




Во септември 2007 година просечната месечна нето-плата по вработен изнесуваше 15.066 денари, што претставува двоцифрен раст од 10,8% на годишна основа, додека на месечна основа растот изнесува 4,3%, што е највисок месечен раст изминатите десет години, а се должи на зголемените плати во градежништото (за 13,1%) и јавната администрација и сообраќајот (за 9,5%). Процентот на невработени кои не примиле плата изнесува 11,6%, и е за 2,8 процентни поени понизок од септември 2006 година.